ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ВОДОВОД
Бр. 03-629/1
09.04 2020 год.
ОХРИД

Почитувани,

Јас, Светозар Стефановиќ, во својство на в.д.Директор на ЈП Водовод Охрид, како директно повикан, чувствувам обврска јавно да се произнесам и најостро да ги демантирам манипулативните текстови во одредени медиуми деновие, а изјавени од страна на одредена политичка партија.

Во врска со написите, во кои се тврди дека нашето претпријатие троши пари за привремени вработувања во период на економска криза, НАЈОДГОВОРНО тврдам дека се работи за апсолутно манипулативен текст, кој што во овие кризни моменти сака да внесе паника и револт кај граѓаните. Имено, неспорен е фактот дека на 23.03.2020г., ЈП Водовод Охрид пристапи кон склучување на договор за јавна набавка на услуги – Привремени вработувања. Меѓутоа, она што господинот Донев, не и го пренел на јавноста, е дека се работи за постапка за јавна набавка која, во согласност со годишниот плана за јавни набавки, е започната на 04.02.2020г., (период кога воопшто немаше индиции дека нашата држава ќе биде доведена во ваква ситуаација), а согласно законските рокови не ни можела да заврши порано.

Имено,изненаден сум како поранешни функционери интелектуалеци, поранешени директори на јавно претпријатие, треба да знаат нормално доколку и тие во времето кога биле директори ако се воделе согласно законот дека секоја постапка за јавна набавка има свои фази, и ниту еден договор за јавна набавка не се склучува без да помине законски определениот временски период, во зависност од видот на постапката. Она што е збунувачки за јавноста, бидејќи така е пренесено, е дека договорот е потпишан на 23 Март, но тоа е само дел од веќе започнатата постапка, со спроведена електронска аукција, и на крај завршува со склучување на договор.

Целата постапка е јавна и транспарентна, и секој заинтересиран може во било кој момент да изврши увид на веб-страницата на бирото за јавни набавки, и да види кога е отпочната постапката и самиот тек на постапката.

ЈП Водовод Охрид Ви стои на располагање и отворено е за било какво појаснување или одговор во секој момент, пред да се пласираат манипулативни информации во јавноста.

Упатувам апел до сите, да не се користат овие тешки моменти за ширење лажни вести, со цел збунување и заплашување на народот. Наместо тоа, човечки е во овие моменти сите заеднички да бидеме одговорни и заеднички да допринесеме за полесно надминување на кризната состојба.

Има време за политика.

Со почит,

Светозар Стефановиќ

В.Д.Директор

ЈП Водовод Охрид

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД 1 ОХРИД